# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 ноември 2000 година

Седницата се одржа во сала за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Илјаз Халими, потпретседател на Собранието.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со работа по Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Нано Ружин и Илинка Митрева ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање, да го утврдиме точниот број на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Поради службен престој во странство на претставниците на Владата, министерот за одбрана господинот Љубен Пауновски и неговиот заменик, господинот Кадри Кадриу, расправата по Предлогот за донесување на Законот за одбрана, со предлог на закон, ќе продолжи по нивното враќање во земјата.

Бидејќи директорот на Јавното претпријатие МТВ, не е присутен, а во меѓувреме додека трае седницата ќе присуствува, предлагам да поминеме на третата точка од дневниот ред.

Предлог на закон  за заштита на децата.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам кој бара збор?

За збор се јави господинот министер за труд и социјална политика, господинот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, дозволете ми накратко да го образложам предлогот за донесување на закон за детска заштита.

Имено, Собранието на Република Македонија уште на 12 ноември 1997 година, го разгледа Предлогот за донесување на овој закон, но поради познати причини, беше повлечен од Собраниска процедура и сега, со оглед дека се исполнети сите услови, истиот, со одредени дополнителни измени се наоѓа пред вас.

Како една од причините за донесувањето на Законот е тоа што во програмата за работа на Собранието на Република Македонија за оваа година предвидено е донесување на законот за заштита на децата.

Исто така, во членовите 40, 41 и 42 од Уставот, утврдено е дека се обезбедува посебна грижа за заштита на семејството и децата, зошто е создадена правна основа  за законско регулирање на прашањата за грижата и заштитата на децата.

Како трета причина се одредбите на членовите 3, 18, 19 и 27 од Конвенцијата на ОН за правата на детето прифатена и од Република Македонија, каде што е утврдено дека државите потписнички се обврзуваат да обезбедуваат заштита и грижа на децата, потребни за нивно добро, земајќи ги предвид, сите права и обврски на нивните родители, давање соодветна помош на родителите, во остварување на одговорноста, за поттикнување на развојот на детето и ред други прашања.

Целта што треба да се постигне со законот е да се обезбеди единствено законско и системско уредување на прашањата од областа на заштитата на децата и останатите потреби, согласно на потребите, состојбата и можностите на државата, како и регулирање на начин на условите, со кои се остварува заштитата на децата, заради усогласување  на постојната законска регулатива, со Уставот на Република Македонија и другите законски прописи.

Законот треба да обезбеди нормативно правни предуслови за остварување на заштитата на децата.

Досега општествената заштита на децата се остваруваше преку неколку законски прописи и тоа: Законот за општествена заштита на децата, донесен уште 1981 година, Законот за одмаралишта за деца и младинци, донесен далечната 1988 година и одредбите од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование, донесен 1983 година, во делот

што се однесува на предучилишното воспитание и образование, како и подзаконските акти, кои по својата содржина и решенија, несоодветствуваат со новонастанатите промени.

Согласно настанатите промени, нормално нудиме еден единствен закон, кој ќе го регулира ова прашање. Општествената заштита на децата се обезбедува со остварувањето на права на организирани облици на општествената заштита на децата, а особено преку парични и други примања на децата, згрижување, воспитување и образование на децата од предучилишна возраст од 9 месеци до 7 годишна возраст. Одмор и рекреација на децата до 18 годишна возраст и други облици на општествената заштита на децата.

Во 1999 година додатоци на деца користеле 82.807 деца од 49.643 семејства и тоа во вид на додаток на деца, посебен додаток :и опрема за првородено дете. Додаток на деца користеле вкупно 68.605 деца, од вкупно 35.515 семејства, од кои до 15 годишна возраст по 500 денари месечно и од 15 до 26 годишна возраст, доколку се на редовно школување, користеле по 800 денари месечно детски додаток.

Посебен додаток користат деца со потешки и нетешки психички и физички недостатоци, кои не се институционално згрижени и тоа 2.738, од 2.664 семејства, по 2.500 денари месечно.

Пакет опрема добива секое првородено дете од семејството. Ова право го користеа околу 11.464 деца, а вредноста на пакетот, односно опремата изнесува 2.700 денари, односно по објавениот тендер, тој пакет изнесува 1.970 денари, далеку поквалитетен и со поголем асортиман на артикли во тој пакет.

Концепциски законот тргнува од карактерот на Република Македонија како социјална држава, која врз основа на уставните вредности, хуманизам, социјална правда и солидарност, посебно се грижи за децата и малолетните лица, при што заради усогласен економски и социјален развој, води хумана популациона политика.

Конвенцијата за правата на детето на ОН, посебно е испочитувана пред концептирање на решенијата во законот за дејноста на заштитата на децата во нашата држава. Иако во оваа насока имавме одредени забелешки од страна на Народниот правобранител, дека би требало да обезбедиме уште поголеми права на децата во нашата земја, но поаѓајќи од состојбите, економската, финансиската и друга моќ на државата, како предлагачи ја нудиме оваа заштита, која во целост е усогласена и во согласност со одредбите на конвенцијата за правата на детето.

Структурално законот е поделен во 16 глави, кои ги опфаќаат основните одредби, каде се дефинирани системот, организацијата и начинот на обезбедување заштита на децата, облиците на организацијата со кои се врши обезбедување и воспитување и одмор и рекреација на децата, се јавни и приватни установи. Новина претставува што за првпат се дава можност за основање на приватна установа за деца и можност за основање на установа за деца од единица на локална самоуправа и градот Скопје.

Со утврдувањето на определбата за забрана на психичко и физичко малтретирање, казнување или друго нечовечко постапување и злоупотреба на децата, како и забраната за политичко или верско организирање и дејствување, како и за употреба на децата врз овие основи државата и со закон децидно се определуваат за заштита на интегритетот на личноста и правата на децата.

Во глава II од Предлогот на законот децидно се наброени правата за заштита на децата, како парични надоместоци, освен правото за помош за опрема за новородено дете и истите се разграничени од облиците за заштита на децата, што е нов приод во оваа област. Притоа се потенцира обврската на државата за обезбедување на правата во обем што е утврден со закон.

Новина е и можноста единицата на локална самоуправа да обезбедува поголем обем на права. Новина е остварувањето на правото на детски додаток, како право на сите деца, без никакво ограничување, како што беше досега до третото дете. Возраст до која се остварува ова право е 18 години, односно до завршување на средното училиште.

Јас не би сакал да ве заморувам подолго и да го прочитам целото образложение, кое го имате и вие пред вас. Очекувам со една конструктивна расправа и со евентуално, нови предлози за амандманско интервенирање, се надевам дека ќе донесеме еден добар и квалитетен закон, каде што ќе обезбедиме заштита на сите деца во Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот министер за труд и социјална политика за уводното излагање по оваа точка.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандмг ни на член 8 и на членовите 23,точките 1 и 2, 27 и 29, став 3, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман за создавање нов член 2-а, по член 2, по кој Владата не се произнела.

ЗПК, поднесе амандман на член 14 став 1, член 45 став 3, член 49 став 4, членовите 53, став 1 и 65 став 3, член 66, став 5, член 68 став 2, член 70 став 2, член 91 став 1, член 94, став 3, член 96 став 2,5,6 и 7, член 100 став 2, член 107 став 3,5 и 6, член 128, член 131, член 136 став 3 и на член 139, став 2, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 38, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Радомир Карангелески поднесе амандмани за менување на називот на предлогот на законот член 10, став 6, член 27, член 107, став 2, за додавање нова алинеја 4, по алинејата 3 и на член 123, за додавање нов став 7, по ставот 6, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Мухамед Таири, Фадил Бајрами и Јонуз Абдулаи поднесоа амандмани по член 2 ред 1, за додавање нов член 8-а по член 8, член 107 став 2 алинеја 7 и на член 134, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мухамед Таири, Јонуз Абдулаи, Фадил Бајрами, Хисни Шаќири и Назми Кадриу поднесоа амандман на член 23 точка 1 и 2, член 27 и на член 29 став 3, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на називот на Предлогот на законот, поднесен од пратеникот Радомир Карангелески

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитувани пратеници, пред да се изјаснам по амандманот, јас би се навратил на амандманот 2, поднесен од Комисијата за труд и социјална политика, во однос на интервенирање на членот 23, со кој се определува висината на детскиот додаток.

Јас со жалење морам овој амандман да го вратам назад, со оглед на тоа дека времето кое се предлага, значи просек од 6 месечна плата, според сегашните можности и финансиската моќ на Република Македонија не ќе може да одговориме и предлагам да остане старото решение, односно како што е предложено во член 23, во предлогот на законот. За дете до 15 години живот, односно додека е редовен ученик во основното училиште, по 5,50% просечна плата по работник, исплатена во последните 12 месеци од претходната година, а не како што е даден предлогот од страна на Комисијата, а на тој состанок бил прифатен и амандманот кој бил даден од претставникот на Владата, односно на Министерството за труд и социјална политика.

Значи, предлагам да остане старото решение од членот 23.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Значи амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 13 пратеници, 2-ца воздржани и 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на називот на Предлогот на законот, поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Во однос на амандманот од Комисијата за труд и социјал на политика, претставникот се изјаснил дека се согласува со амандманот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ние гласавме по амандманот поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Отворам претрес по амандманот на член 2 ред 1 поднесен од пратениците: Мухамед Таири, Фадил Бајрами и Јонуз Абдулаи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

За збор се јави министерот за труд и социјална политика господинот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманите се прифаќаат.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а по член 2 поднесен од Комисијата за труд и социјална политика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници 13 за, 1 воздржан и 44 против.

Мислам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 8-а по членот 8, поднесен до пратениците Мухамед Таири, Фадил Бајрами и Јонуз Абдулаи.

Отворам претрес по амандманот на член 10 поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, 16 за, тројца воздржани, 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 став 6, поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Отворам претрес по амандманот на член 23 точка 1 и 2, член 27 и на член 29 став 3, поднесен од пратениците Мухамед Таири, Јонуз Абдулаи, Фадил Бајрами, Хисни Шаќири и Назми Кадриу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 27 поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Содржината е иста, но составот на одредбата од веќе прифатениот амандман од пратеничката група, се однесува за истото. Во овој случај амандманот не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, 12 за, воздржани 5, 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 27, поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 38 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 107 став 2 за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3 поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 107 став 2 алинеја 7 поднесен од пратениците Муамет Таири, Фадиљ Бајрами и Јонуз Абдулаи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот член 123 за додавање нов став 7 по став 6 поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор ? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, 13 пратеници гласаа за, 4 воздржани и 40 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 123 за додавање нов став 7 по став 6, поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Отворам претрес по амандманот на член 134 поднесен од пратениците Муарем Таири, Фадиљ Бајрами и Јонуз Абдулаи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Со оглед на тоа што се работи за рокот од кога треба да се примени законот и да се донесат подзаконските акти, краткото време кое ни преостана, амандманот се прифаќа.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

И овој амандман се прифаќа.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Пред да го заклучам предлогот по текстот на Предлогот на законот бараме едно дообјаснување од министерот за труд и социјална политика.

Се работи за амандманот II поднесен од Комисијата за труд и социјална политика. Имено во членовите 23, точките 1 и 2, 27 и 29 став 3, зборовите "за претходната година" се заменуваат со зборовите "во претходните шест месеци".

Дали се прифаќа.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас се изјаснив дека поради финансиската моќ на државата тој амандман неможе да се прифати. Предлагаме да остане решението кое е дадено во Предлогот на законот. Значи член 23 како што е даден во Предлогот.

Амандманот не се прифаќа поради овие причини.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Бидејќи претставникот на Владата министерот за труд и социјална политика не го прифаќа овој амандман, амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласам.

Вкупно гласаа 60 пратеници, 10 пратеници гласаа за, седум воздржани и 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23 поднесен од Комисијата за труд и социјална политика.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, 49 пратеници гласаа за, 3-ца воздржани и 7 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за заштита на децата.

Минуваме на четвртата точка од дневниот ред- Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2000-та година, со Предлог на закон.

Бидејќи овде немаме претставник на Владата, а тие веќе се известени и мислам дека во меѓувреме ќе стигнат, давам пауза од 30 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,35 часот).

Почитувани пратеници, претставници на Владата, продолжуваме со работа.

Веќе минавме на точката четири.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Дали некој бара збор?

Процедурално се јавува за збор г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и г-да пратеници, гледам дека тука е претставникот на МРТВ и според редоследот на работите би требало да расправаме за интерпелација за работата на генералниот директор на МРТВ. Затоа предлагам да расправаме по втората точка од дневниот ред.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Бидејќи почнавме со точката четири, да ја завршиме расправата по оваа точка, па потоа ќе расправаме за втората точка. Мислам дека директорот ќе биде тука цело време.

Процедурално за збор се јавува пратеникот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Можеби се очекува подолго траење на дискусиите околу интерпелацијата па јас би апелирал и до вас како претседавач и пратениците во Собранието, да поминеме некои други точки, одредени измени кои не се пообемни и добро би било да можеме да ги поминеме нив, а на крајот да ја оставиме точката за интерпелација, која претпоставувам ќе трае подолго.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Мислам дека и вашиот предлог држи, затоа што сметам дека овие точки што ги имаме во дневниот ред нема по нив многу да се задржиме и денес сигурно ќе расправаме и по интерпелацијата. Директорот ќе биде тука присутен до крај, така се договоривме и нема проблем.

Ве молам да продолжиме со работа по точката четири.

Дали некој бара збор (Никој).

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за извршување на буџетот на РМ 2000-та година.

Молам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, 54 пратеници гласаа за, 6 воздржани и 4 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, 56 пратеници гласаа за, 6 воздржани и двајца против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на Законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници. 59 пратеници гласаа за, 6 воздржани и двајца против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на законот за извршување на Буџетот на РМ за 2000-та година.

Минуваме на петтата точка од дневниот ред -Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за здравствено осигурување, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

За збор се јавува пратеникот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

По однос на предлогот за донесување на закон за измена на Законот за здравствено осигурување сакам да нагласам некои моменти од оваа промена која се врши.

Веднаш ќе кажам дека се работи за промена во однос на ингеренциите на Управниот одбор, меѓутоа сепак се работи за промена за финансиското работење на Фондот за здравство и за мене како промена генерално која функционира во многу развиени земји, е позитивна промена, бидејќи се овозможува поголема транспарентност на трошењето на средствата од фондот за здравство.

Она што сакам да кажам дека во принцип, значи како предлог на закон кој треба да го усвоиме се овозможува поголем увид на Собранието на РМ, на крајот со разгледување на буџетот да се има контрола на трошењето на средствата. Меѓутоа, сакам да укажам и на некои моменти кои би можеле да бидат проблематични околу овој закон, некои моменти од дискусиите што ги водевме и на Комисијата за здравство. Значи самата промена што се врши во законот всушност е позитивна ако донесе, освен подобар увид во средствата што се трошат во фондот за здравство и добра операционализација на работата со средствата на фондот за здравство. Меѓутоа, сепак сакам да предупредам на опасноста која може да се јави. Оваа промена сепак во

определени рамки да остане и козметичка промена, бидејќи во праксата и по она што ни се случи со изгласувањето овде на Управниот одбор на Фондот за здравство, оправдан е стравот на здравствените работници и на осигурениците околу размислувањата за контролата на средствата во Фондот за здравство. Имено, сметам дека составот на Управниот одбор на Фондот за здравство е таков што не ја отвори доволно политичката транспарентноста и транспарентноста на сите субјекти и на здравствените работници во однос на трошењето на средствата во Фондот за здравство, бидејќи, сепак, УО, посебно делот каде што се осигурениците, се претставници кои политички се доста блиски со луѓето кои управуваат со средствата од Фондот за здравство. Во таа смисла многу малку се чувствува отвореност и спремност за да се покаже како тие средства ќе се движат во идниот период, покрај еден ваков состав на УО. Повторувам се работи за претставници на осигурениците, меѓутоа тоа се најголем број политички активни луѓе, членови на Парламентот кои се од одредена партија и сепак е една положба на контрола на средствата на Фондот и суфициентна во однос на она што беше предлагано во размислите за фондот за здравство односно формирање на собрание кое би ја контролирало работата на Фондот за здравство, во интерес на осигуреникот. Значи се чини дека со ваквите промени, ако останат само козметички, навистина нема да има увид и натаму во средствата во Фондот за здравство.

За жал јас можам да констатирам дека денешната состојба со средствата од Фондот за здравство е таква што осигуреникот е обесправен, осигуреникот е во недостаток на информации каде одат тие негови средства.

За мене како морален чин, јас и таков предлог дадов пред ова Собрание, пред утврдување на дневниот ред на оваа седница, од луѓето кои раководат со фондот за здравство, формирање на анкетна комисија за контрола на работата на тој фонд за здравство во претходните две години. Значи ако некој има добра намера да покаже дека сака да види транспарентност во однос на средствата кои ќе се трошат од Фондот за здравство, треба да даде отчет за работата во изминатите две години. Отчет ние до ден денес ние немаме од Фондот за здравство и како што се случи да биде скриен отчетот, бидејќи мнозинството не го изгласа таквиот предлог да се формира анкетна комисија, да се видат сите тие набавки и трошењето. Знаеме дека Фондот за здравство е еден од фондовите кој најмоќен по финансиски обем во државата и од интерес тие пари да се трошат рационално, штедливо и во интерес на осигурениците односно пациентите во РМ. Значи сите овие моменти што досега се случуваа одат во прилог на тоа дека се случуваат позитивни промени.

Во Комисијата за здравство ми беше дадено објаснување дека сите средства, таквиот модел, трезорскиот начин на контрола на средствата од Фондот за здравство го имаат применето неколку земји. Меѓутоа од она што го кажаа претставниците на Владата добивме впечаток дека тоа главно се земји со развиена култура и однос спрема здравството како што се Естонија и некои други што ги кажаа, каде што успешно функционира овој систем. Меѓутоа не ми се кажаа примери од земјите во транзиција каде што функционира успешно овој модел. Јас сеуште имам резерва кон ваквиот модел на контрола на средствата во однос на тоа дали ваквото буџетско контролирање на средствата ќе може односно средствата ќе бидат доволно оперативни, дали за потребите за здравството која е многу чувствителна гранка во однос на времето во однос на тие средства кои се неопходно потребни, на пр. ако има недостаток на лекови во одреден период или некој хирушки материјал, дали државната администрација ќе може брзо да дејствува, да прави трансфер на средствата, ако тие веќе се потрошени, од она што е предвидено со Буџетот и со претходната Програма. Така да тука останува оваа моја дилема и мислам дека во тој правец треба да се размислува како тоа во иднина подобро да функционира и тие средства секогаш да можат од Буџетот, ако треба, да се повлечат за најнеопходните стапки кои се во здравството и за осетливите моменти во здравството да има начин да функционира оваа карика меѓу фондот за здравство и Буџетот на РМ. Сметам дека тоа е тука приоритетно.

Јас сум скептик кон ваквите промени и заради она што се случува овие денови во здравството во РМ, бидејќи еве минаа шесте месеци од донесување на Законот за здравствено осигурување, стапите во сила многу одредби од законот, меѓутоа на теренот се чувствува една конфузија. Едноставно здравствените работници не знаат како да се однесуваат спрема здравствените услуги, во однос на нивната наплата, фактурирање, немаат соодветни упатства, никој не ги насочува како да

работат и навистина во целото примарно здравство во РМ има една голема конфузија која се надополнува со тоа што секој ден се излегува со различни најави во однос на реформите во примарната здравствена заштита, кои се чудни најави, час се најавува концесионерство. Слушнавме последниот пат се најави и акционерство во примарната здравствена заштита и како овде да се нема една вистинска доктрина и идеа како ќе се водат реформите во здравството. За тоа време пациентите доаѓаат, бараат услуги. Меѓутоа пак ќе кажам, се наоѓаат во една конфузија, општа збрка, посебно во примарната здравствена заштита, што не е никакво оправдување. Еве и овде имаме пример каде што тој закон за здравствено осигурување беше добро замислен, добро конструиран, подзаконските акти не се оформени за шест месеци, како што гледаме, начинот на профункционирање во реалниот живот, во здравството е несоодветен, што мислам дека е алармантно и Министерството за здравство и Фондот за здравство треба да се загрижат за ваквиот начин за примена на овој закон и што побрзо да реагираат организирано. Се чини со оваа се чувствува и една нова некоординираност меѓу Фондот за здравство и Министерството за здравство што секако ја зголемува конфузијата во стапување на новите законски акти и мислам дека оправдување е и на здравствените работници и на осигурениците и на пациентите во однос на стапувањето на овие нови законски акти кои наместо да ги подобруваат условите во здравството, наместо подобруваат здравствените услуги тие ги влошуваат. Статусот на пациентот кој се чувствува несигурен незнае во какви услови оди на лекар, незнае однапред каква партиципација ќе го дочека таму бидејќи еве сега има партиципација ослободена од матичен лекар, па партиципација за амбулантска терапија се практични прашања кои треба сега да ги регулира Фондот за здравство и Министерството за здравство.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:** (Продолжение)

На цедило се оставени оние пациенти кои се опфатени со програмите. Навистина за мене е зачудувачко што нема координација меѓу она што се случува со стапувањето на Законот за здравство и прекинување на правата на некои осигуреници, како што се луѓето заболени од шеќерна болест, шеќерашите, крводарителите. Вистински не се стапени програмите кои сме ги предвиделе за решавање на статусот на шеќерашите, крводарителите и други болни кои порано беа опфатени со ослободување, имаа бенефиции во Фондот за здравство.

Ние, како алтернатива и во проекција на Законот за здравствено осигурување, планиравме сепак тие луѓе да бидат опфатени со тие програми, меѓутоа има некаква дискоординација, нема координација меѓу стапувањето на Законот и опфатеноста на тие луѓе од овие програми, што е навистина исто така дел од конфузијата во стапувањето на Законот за здравство. Според мене, прашањето ми е до Министерството за финансии дали ќе има оперативна циркулација на средствата во случај на недостиг на средства во Фондот за здравство. Јас се надевам дека тука ќе се најде соодветно решение. Ние ќе ја поддржиме оваа измена на Законот, бидејќи ја сметаме за позитивна и е во рамките на транспарентноста на трошењето на средствата во Фондот за здравство.

Во таа смисла апел до Министерството за финансии, прелевањето на средствата да биде поефикасно со цел да нема страдање на пациентите, да нема недостиг на средства за основните медицински потреби.

Сите законски промени што ги направивме досега, Законот за здравствено осигурување, очекуваме промена на Законот за здравствена заштита, промена на Управниот одбор на Фондот, што за мене е политички негативна, затоа што Управниот одбор не ги застапува доволно правата на осигурениците. Едноставно се извадија политички личности кои не гарантираат дека соодветно ќе се влијае на транспарентноста и осигуреникот како таков ќе има влијание на своите средства и увид во средствата кои ги издвојува од својот џеб. Тоа го зборувам затоа што во праксата навистина имаме обесправени и нарушени права на осигуреникот. Од тоа не може да се избега. Еве да ги кажам еден пример за тоа како се чувствуваат пациентите.

Еден пензионер во Штип, каде секојдневно се кршат правата на 3 - 4 илјади пациенти кои се осигуреници на Фондот за здравство и на кои не им се овозможува користење на здравствено осигурување, бидејќи се пациенти во одредена здравствена установа, нема да зборувам од аспект на здравствената установа, меѓутоа

од аспект на осигурениците. Тоа се шеќераши кои не можат да дојдат со инсулинот, бидејќи неможат да го сменат матичниот лекар, се прават притисоци, значи се кршат уставните одредби на слободно бирање на лекар, се наплаќаат на приватно средства на пациенти осигуреници кои ги имаат уредно измирено обврските, се кршат нивните права секојдневно. Тоа е навистина еден голем хендикеп за пациентите. Се она што се случува во Штип навистина го нема никаде. Јас неможам да верувам во сите овие добри козметички предлози, а реалната примена во праксата дека сепак здравството ќе се офајди од сите тие добри законски акти, ако праксата продолжи вака како што е. Еден пациент дојде да се лечи кај мене, шеќераш е, сакаше кај мене да ги оствари правата, меѓутоа Фондот здравство бирократски, заради моите политички убедувања и заради мојата политичка промена дојде и го укина договорот со мојата здравствена организација, со што остави на цедило 3 - 4 илјади пациенти, и ги дискриминира во однос на сите пациенти од Штип, ги обесправи. Сите оние кои сакаат да се лекуваат и да ги остваруваат своите права како осигуреници кои 30 - 40 години го плаќале уредно придонесот во Фондот за здравство, се дискриминирани од својата држава, од својата Влада.

Се случува да дојде еден пациент и ми вели каков сум јас доктор во оваа држава - Република Македонија, јас сум постар човек, памтам, во Штип беше заробен еден Германец доктор и тој имаше право да прегледува и да дава лекови, а ти немаш право да прегледуваш и да даваш лекови. Што ќе се случи утре кога ќе одам кај друг лекар, дали тие од Фондот за здравство и нему ќе му го укинат договорот и јас пак ќе бидам на цедило. Осигурениците се прашуваат каква е оваа конфузија, каква е оваа политизација на здравството, политички пресметки во здравството во корист од страна на одредени политички структури, на грбот на пациентот, на осигуреникот кој е обесправен, кој е оштетен, кој е малтретиран. Во сите аптеки, во сите одделенија во Штип, постојат натписи, "забрането за пациентите од таа и таа ординација". Еден тип од Јужна Африка пред апартхејдот. Во овој случај морав да го кажам ова, бидејќи повторно во одредени сегменти на здравството не функционира правната држава и тоа е за загрижување, тоа е тажно и јас незнам до каде ќе оди оваа конфузија во здравството.

Дали господинот министер и господинот директор за здравство и господинот директор на Фондот за здравство се сретнале со осигурениците да го видат нивното расположение и задоволство од услугите. Сеуште не се решени проблемите со примарната здравствена заштита, а веќе се наталожени проблемите од секундарната или терцијалната здравствена заштита во однос на статусот на кардиохирургијата во Воената болница. Тоа е сегмент кој всушност во иднина треба да го решаваме. Проблемите се наталожени во оваа сфера и неможат понатаму да чекаат.

Јас толку сакав да кажам за овој закон. Законот како таков ќе го поддржам, меѓутоа ако продолжи ваквата пракса што е во нашето здравство, ваквиот однос спрема осигуреникот од Владата, ваквиот однос кон законите, ние ваквите закони ги носиме за џабе во оваа држава, бидејќи тие се само листови на хартија кои не функционираат во праксата, за жал. Здравството сеуште нема доволно транспарентност како што бара и ние тоа го бараме. Тоа го бара осигуреникот, осигуреникот бара начин да ги оствари своите права во Фондот за здравство и во здравствениот систем на Република Македонија. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Стојменов Златко.

Има збор господинот пратеник Ковачевски Стојан.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Господин потпретседателе, почитувани пратеници.

Точката на дневниот ред што ја имаме е логична последица на претходен закон. Бидејќи Законот за здравствено осигурување мора да се усогласи со она што овој Парламент донесол законски акт. Тоа не е спорно и мислам ќе биде поддржано. Меѓутоа, јас сакам накратко, без да се повторувам со претходниот дискутант, кои изнесе некои небулози, кои што се појавуваат во праксата, проблемот на недовербата во спроведувањето на законските акти кај нас во Македонија станува веќе пракса, која загрижува. Конкретно, Законот за здравствено осигурување кои што го донесовме, на општо задоволство со еден консензус и на Комисијата за здравство и на Парламентот и со поддршката на сите

парламентарни групи, откако изминаа 6-те месеци, се случува да ниеден подзаконски акт не е готов, не е презентиран и една конфузија во спроведувањето на овој закон, а веќе имаме на дневен ред и измена на тој закон. Јас само ќе дополнам, за да не се повторувам, пак ќе речам, дека недоразбирањата стигнаа и до пациентите на дијализа во некои центри се створи една паника дека ќе треба поради подзаконските акти кои не се готови и дека пациентите на дијализа ќе треба да плаќаат партиципација итн., нешто што ствара недоверба, не само кај граѓаните, кај осигурениците, туку ствара недоверба и кај нас пратениците.

Второ, прашањето на Управниот одбор јас нема да го повторувам, мислам дека овој Парламент дозволи да се формира еден нелогичен состав на управниот одбор во Фондот за здравство по партиски клуч, за кои, познато е на овој состав, дека парламентарната група на СДСМ не учествуваше во составувањето на тој управен одбор и одби да го почитува партискиот клуч и не делегираше и не предложи свој член во тој Управен одбор. Меѓутоа, гледаме и слушаме дека тој управен одбор е конституиран и работи, но како ќе работи, ќе видиме понатаму во пракса. Јас сакам само да го потенцирам и да го афирмирам она што е една голема недоследност во претставниците на осигурениците во 6-те претставници не се најде место за еден пензионер, а пензионерската популација е популација која е најповеќе потреба за здравствена заштита, популација која најповеќе реагира на недоследностите во спроведувањето на овој закон. Но, за тоа потоа, можеби ќе се сети некој да побара ревизија или некоја исправка на составот на Управниот одбор.

Конкретно за темата денеска што правиме дополнување и измена на Законот за здравствено осигурување. Реков дека ќе биде логично и сигурно ќе биде поддржана, но да укажам на нешто што некој површно се обиде да злоупотреби. Се сеќавате дека ние Фондот го сврстивме, со една добра намера за транспаренција, да биде составен дел како позиција на Буџетот на Република Македонија. Но, некој направи лоша сметка, па Фондот за здравство влегува во Буџетот, значи здравството е буџетска институција, ако е така, тогаш спаѓа во редот на државната администрација и веднаш се дадоа некои решенија за принудни одмори, а после тоа готови беа решенијата за предвремено пензионирање на одреден број неподобни кадри во Фондовите за здравство на неколку нивоа во Република Македонија.

Како еден пример кој што допринесува за она што кажав, оној основен проблем во државата, не само према овој Закон, за негово спроведување, туку и на другите закони, недовербата што се ствара, некој ја форсира и резултатот е недоверба кај сите граѓани. Јас во таа смисла инсистирам на тоа да во спроведувањето на законските проекти кои што овде со толку залагање ние ги донесуваме, почнувајќи од комисиските расправи, па и парламентарната расправа овде во Парламентот, мислам дека поединци, или институции не треба да ја злоупотребуваат. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на......

(Поради технички проблеми – се скрши столот на потпретседателот, седницата накратко прекина со работа).

Продолжуваме со работа.

Има збор господинот пратеник Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, јас сакав да се вклучам за дискусија по оваа точка, поради еден момент кој сакав да го изведам и во оваа дебата. Имено, ние за оваа промена на Законот за здравствено осигурување, разговаравме во Комисијата и се согласивме со потребните објаснувања од страна на претставниците од двете министерства, дека со една таква промена би била една поадекватна транспарентна работа во Фондот за здравствено осигурување, кои во исто време би биле во склоп на тоа што се вика буџетска потрошувачка во Република Македонија. Со еден збор, ќе се добие можност, ќе имаме можност да сите средства и кои одат преку Фондот за здравствено осигурување, ќе бидат вкалкулирани на некој начин како и во самиот Буџет, да тие не предизвикуваат други економски последици.

Тоа што сакав јас да го напомнам, да се надоврзам и на претходните дискусии, со еден друг момент, кој мислам би можело да се погрешно толкува, а и сега нема

можност да се најде разбирање за еден многу потребен и инаков пристап за новите вработувања во здравството.

Имено, ако со овој закон, со оваа промена на овој закон се вели дека сепак целта за вклопување на трошоците и во здравството ќе бидат дел од тоа што значи целокупна политика на Буџетот на Република Македонија, но сепак работниците во здравството и услугите во здравството ќе бидат третирани како посебни средства во Фондот за здравствено осигурување, што е добро.

Но, поради тие нејаснотии во овие односи, наоѓаме често состојби кои што се косат со таквиот начин на поставување на работите.

Колегите пред мене веќе ја спомнаа можноста за третирање на овие вработени како буџетски или вработени во јавна администрација и според тоа тие подлегнуваат на Законот за пензионирање по разни основи, за кои што правила важат за сите тие кои се земаат како јавни вработени во јавната администрација. Мислам дека во здравството по таа основа не би требало да има основ за една таква активност, а од друга страна, пак, исто така, мислам дека не би требало на ист начин да се вреднуваат таму состојбите и како резултат да имаме едно блокирање на нови вработувања во здравството кои што секојдневно мислам дека се гледа дека потребата за такви вработувања се многу големи, а посебно за нови стручњаци, затоа што со тоа не може да се придонесе кон подобрувањето на здравственото и професионално ниво на самите стручњаци. Тоа го велам, ако нема нови вработувања, ќе нема ни специјализации, ќе нема нови стручни доврршувања па така здравството, навистина, врз база на некои решенија, кои што понекогаш не се толку јасни, доаѓа во состојба таа да биде посиромашна за некои свои активности.

Па, така, бидејќи јас мислам во неможност приватното здравство уште да не може да се најде себе си и нема доволен простор, мислам на приватната компонента за нејзина потполна афирмација и можност за развој, а со тоа и да биде носител на развојот на здравството во Република Македонија. Претпоставувам дека јавното здравство барем уште некое време ќе биде носител на тоа што значи развојна компонента и научна оспособеност на здравството во Република Македонија.

Од тој аспект би сугерирал, нормално, ние ќе ја поддржиме оваа промена, зошто да не ја поддржиме, но би сугерирал да се најде начин, поадекватно да се третираат овие работи и да се отвори можност за други вработувања, посебно на стручњаци и во здравството, затоа што за таква една потреба веќе секојдневието нам ни докажува, е неодложно. Полни амбуланти, посебно во некои села остануваат без доктори, без можност да им е пружи помошта, така што би апелирал уште еднаш да се најде начин да се деблокира вработувањето на некој начин на здравството, особено на тие места и на тие региони, каде што е многу јасно дека е таму потребно. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Азис Положани.

Има збор госпоѓа пратеник Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Благодарам господине потпретседателе, дами и господа пратеници, ќе се согласам со дискусиите на претходните колеги, кои рекоа дека овие предлог измени на Законот за здравствено осигурување, навистина, овозможуваат поголема транспарентност на тоа колку пари се внесуваат во Фондот и воедно не само внесот да се види на парите на здравствениот денар од страна на здравствените осигуреници, туку и да се види во кој момент колку се изнесува и навистина оваа транспарентна измена битно ќе ја подобри содржината на Законот за здравствено осигурување.

Меѓутоа, иако не е многу вообичаено да се поддржуваат, барем во нашиов Парламент, претставниците на опозицијата, јас во овој момент морам да се согласам со забелешките кои што беа овде многу конкретни и би искажала дека апсолутно од никаков маркетиншки аспект истакнати, туку многу повеќе од тоа навистина што се случува во овој момент со нашите здравствени осигуреници, особено со категоријата на лица, кои што досега имаа можност, поради тоа што беа ослободени во еден дел од партиципацијата или пак имаа можност да плаќаат помала партиципација при користењето на здравствените услуги.

Ова Собрание смогна сили да донесе еден многу квалитетен закон, кој што и така беше оценет од страна и на претставниците на позицијата и на опозицијата, на кој што се работеше цел еден месец, навистина, Комисијата за

здравство на Собранието, заедно со министерот одигра значајна улога, меѓутоа, за жал, оттогаш, па до сега, а Законот како таков требаше да функционира дури после шест месеци, односно од 1 октомври, ние не добивме никаква повратна информација што и како се случува во врска со програмите односно со партиципацијата кои што пациентите ќе ја плаќаат при користењето на здравствените услуги. Овој проблем, навистина, заслужува внимание од причина што министерот вети дека тоа ќе го имаме и како информација, меѓутоа и дека комплетно програмите ќе бидат изготвени и готови, почнувајќи од 1 октомври до сега. За жал, тоа не се случува, пациентите висат и дури и на нас ни се случува да не знаеме да кажеме, ниту колкав ќе биде процентот на партиципацијата, ниту пак дали воопшто ќе има ослободување. Се разбира, дека за доброто на сите тие пациенти за кои што го донесовме тој закон, како и за сите нас, тоа е една недозволива работа и јас жалам што министерот не е тука, меѓутоа, таму има една голема служба која што може да се искористи и која што треба да ги заврши сите доведени работи од Законот, кои што се составен дел на законскиот проект, кој што го направивме до крај, за да може законот таков каков што е донесен, успешно да функционира. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на госпоѓата пратеник Ѓулистана Марковска за учеството во расправата по оваа точка.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, 56 "за", 1 "воздржан" и 1 "против".

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, 57 "за", 1 "воздржан", а "против" нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Биљал Љутфиу.

**БИЉАЛ ЉУТФИУ:**

Не, грешка е

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, грешка е.

Дали некој друг се јавува за збор? (Никој).

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеници, "за" гласаа 57 пратеници, 1 е "против' и 1 "воздржан".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на законот за здравствено осигурување.

0вде на мониторот еднаш покажуваше дека имаме 61 пратеник, а сега 58 пратеници.

Ве молам, да ги преброите пратениците кои се во салата.

Истовремено, ги молам пратениците кои се надвор да влезат во салата.

(После влегувањето на пратениците во салата кои беа надвор).

Ве молам, уште еднаш да гласаме, да го повториме гласањето.

Вкупно гласаа 60 пратеници "за", "воздржани" нема и двајца "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на законот за здравственото осигурување.

Минуваме на точка 6.

Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на Законот и извештаите на работните тела на

Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, "за" гласаа 61 пратеник, 1 "воздржан" и 4 "против".

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, "за" гласаа 62 пратеници и двајца пратеници гласаа "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе Предлогот на закон.

Отварам општ претрес по Предлогот на закон.

Ве молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, "за" гласаа 59 пратеници, 2 "воздржани" и 3 "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Минуваме на 7 точка.

Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон.

Предлог за донесување на Законот, со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отварам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, "за" гласаа 61 пратеник, 2 "воздржани" и 3 "против".

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, "за" гласаа 60 пратеник, 1 "воздржан" и 3 "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој Н9 бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 6, член 7, став 1, за менување на уводната реченица и на став 2 за бришење на уводната реченица, член 13, став 1, за менување на став 2 и за додавање нов став 3 по став 2 на член 17.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господинот Ламбе Арнаудов има збора.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 за менување на уводната реченица и на став 2 за бришење на уводната реченица, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Владата го прифаќа и овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Значи и овој амандман Владата го прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 13, став 1, за менување на став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И овој амандман се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 17, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И овој амандман Владата го прифаќа.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, 56 гласаа "за", 9ден "воздржан" и четири "против".

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

Минуваме на точка 8.

Предлог за донесување на Закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, со Предлог на закон.

Дали се тука претставниците на Владата, министерот Гале Галев и Томислав Ѓеков, заменик министер за образование и наука. (Не се тука).

Ако не се тука, тогаш ќе поминеме на другата точка.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за измени и дополнување на Законот за вршење на занаетчиска дејност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отварам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на занаетчиска дејност.

Ве молам да гласаме?

Вкупно гласаа 51 пратеник, 49 за, 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. Ве молам да гласаме?

Вкупно гласаа 56 пратеника, 55 за, 1 воздржан, а против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам, да гласаме.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Во моментот имаме 59 пратеници во салата.

Ги молам уште еднаш пратениците да влезат во салата.

Ве молам уште еднаш да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, 59 за, 3 воздржани и 3 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани за додавање нов член 2-а по член 2, за додавање нов член 4-а, по член 4, за менување на член 6 по член 7, во новиот член 17-а, став 4, член 8 став 2, член 10 во новиот член 31-г, за менување на член 9, на член 11 став 2, за менување на член 13 член 14 став 2, за додавање нов член 14-а, по член 14, член 18 став 1 и 3, член 19, член 20, за додавање нов член 20-а, по член 20 и за додавање нов член 21-а, по член 21, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Радомир Карангелески поднесе амандман на член 2, на новиот член 4-а, став 1, за додавање нов член 3-а, член 20, на новиот член 45-а, за внесување нов став, пред ставот 1, член 20, на новиот член 45-е, став 1, за додавање нова точка 3-а, по точка 3 и за додавање нов став 2 по ставот 1, член 20, член 20 на новиот член 45-а, за додавање нов став 3 по ставот 2, член 20 на новиот член 45-л, за заменување на ставот 3, со три нови ставови, член 22 за додавање нов член 59-б, по новиот член 59-а, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2, на новиот член 4-а став 1, поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, 31 за, воздржани нема и 34 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2, на новиот член 4-а, став 1, поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Отворам претрес по амандманот на член 3, за додавање нов член 3-а, поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20, на новиот член 45-а, за внесување нов став 1, по ставот 1, поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеника, 25 за, 1 воздржан и 37 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 20, на новиот член 45-а, за внесување нов став 1, пред ставот 1, поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Отворам претрес по амандманот на член 20, на новиот член 45-е, став 1, за додавање нова точка 3-а, по точката 3 и за додавање нов став 2, по ставот 1, поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на членот 20, за новиот член 45-а, за додавање нов став 3, по ставот 2, поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20 на новиот член 45-л, за менување на ставот со три нови ставови, поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници, 21 за, 1 воздржан и 37 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 20 на новиот член 45-л, за заменување на ставот 3 со три нови ставови, поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Отворам претрес по амандманот на член 22 за додавање нов член 59-б, по новиот член 59-а, поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, 28 за, 4 воздржани, 38 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 22, за додавање нов член 59-б, по новиот член 59-а поднесен од пратеникот Радомир Карангелески.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Вкупно гласаа 69 пратеници, 62 за, 4 воздржани и 3 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за измени и дополнување на Законот за вршење на занаетчиската дејност.

Десетата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, 59 за, 2 воздржани и 4 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 59 пратеника, 56 за, воздржани нема и 3 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес,

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 1.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, 57 за, 1 воздржан и 6 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнуваше на Законот за јавните патишта.

Минуваме на точката 11 - Предлог за донесување на закон за изменување на

Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата, со Предлог на закон.

Предлогот на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за изменување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, 56 за, воздржани нема, 5 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеника, 60 за, 1 воздржан и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 1, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, 58 за, 2 воздржани и 4 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Минуваме на точката 12 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за вино, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Има збор г-динот пратеник Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија.

Пред вас господа пратеници, се наоѓа Предлогот за донесување закон за дополнување на Законот за вино, со Предлог на закон.

Според моите сознанија, добиени со консултации на поголем број лозаро - производители и производители на вино во Републиката, навистина има потреба од пообемно регулирање на односите во оваа сфера, затоа што лозаро -производството, производството и пласманот на вино, секако, се една од стратешките точки на македонското земјоделие. Токму затоа зачудува фактот, што наместо да се зафати со содржинско регулирање на односите во оваа сфера за Република Македонија, ни се нуди Предлог закон, чија единствена цел е да се обезбедат нечии лични или тесногради економски и статусни интереси. Ова го велам од следните причини.

Прво, со Предлог законот се предвидува формирање на фонд за грозје и вино кој по својот статус би бил хибрид на јавно претпријатие. Очигледно дека уште на почетокот станува проблематична неговата правна поставеност. Од каде е правото на Владата да формира правен субјект кој треба да ги насочува и регулира економските односи на слободните стопански субјекти. Дали ова не значи враќање кон државното администрирање со економските односи во една ваква значајна сфера. Според таа логика утре ќе се соочиме со формирање на фонд за жито, фонд за краставици, фонд за лубеници, или други производи. Што значи дека формирањето на еден вака замислен фонд е во директна спротивност со уставната определба за слободно пазарно стопанисување.

Второ, во член 40-г кој ги определува функциите на фондот стои дека фондот врши координација на работата на своите членки со цел за организиран настап на домашниот и странскиот пазар. Што е тоа ако не е администрирање и наметнување на државната бирократија врз грбот на стопанството. Понатаму стои дека фондот преку своите тела врши истражување на пазарите во странство и заедничко маркетиншко претставување на странските пазари. Овде се поставува прашањето, со кој капацитет на кадри ќе го прави тој фонд и основно, дали тој ќе биде менаџментска компанија, или јавно претпријатие? Понатаму се вели дека фондот ќе ги усмерува своите членови кон најповолните домашни и странски понудувачи на суровини и репроматеријали. Значи ли тоа дека фондот ќе стане овластен државен посредник на купопродажбата на суровини и репроматеријали. Онака како што предвидува овој Закон тоа е сосема јасно. Може само да се претпостави кон кои домашни и странски понудувачи ќе бидат усмерени домашните производители и какви провизии ќе им бидат наплатувани за стоки кои ќе бидат протежирани.

Понатаму се предвидува фондот да утврдува минимални откупни цени на грозјето и минимални цени за извоз на вино за неговите членки што го повлекува прашањето за арбитражна поставеност на овој фонд во однос на слободниот пазар од една и во однос на стопанските субјекти кои нема да бидат членки на овој фонд, а кои ќе се занимаваат со производство на грозје и вино од друга страна.

На крајот сакам да истакнам дека во овој Предлог закон се предвидува со фондот да раководи директор кој е именуван од страна на Владата. Според моите сознанија овој фонд е веќе формиран, а ние денеска расправаме за истиот, и тоа во рамките на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство и има свој директор во името на лицето Зоранчо Митревски, кој нема соодветно образование за таа задача, а против кого УВР Штип уште пред извесен период има поднесено кривична пријава за фалсификување на Тиквешка - жолта и затајување на данок во висина од 150 илјади ГМ. Значи ли тоа дека Владата за раководител во своите служби поставува човек со криминално досие, додека во меѓувреме нам пратениците ни измислува криминални досиеја и по налог на политичкиот врв на ВМРО-ДПМНЕ ни се поднесуваат кривични пријави за наводни злоупотреби. Мислам дека коментарот е непотребен. Мое мислење е дека овој фонд се формира само и само некој да може да си создаде законски претпоставки за контрола и профитирање на бизнис со грозје и вино.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор.

За збор се јави г. пратеник Борче Сибиновски.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, навистина од ова што беше кажано тука од почитуваниот господин не го очекував од причини што досегашните активности околу оваа работа за да се организира нешто и во винарството навистина се вроди со плод, со работа во Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство. Меѓутоа, искажаното на г. пратеник беше последното што навистина не е неговото кажување за она што се случува во Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство со формирањето на овој фонд, туку активностите за напад на фондот беа навистина од други причини. Она што досега беше напаѓано во областа на земјоделието, она што беше напаѓано во областа на винарството, ние со овој дел навистина сакаме на некој начин ако не целосно, туку во овој дел од делот на винарството на некој начин да го регулираме. И затоа ние кои навистина работевме долго заедно со претставниците од Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство со претставници од Земјоделскиот факултет се договоривме дека навистина во овој момент е потребен еден ваков фонд преку кој подобро организационо би поминало она што во Република Македонија досега на некој начин навистина не поминуваше баш најдобро. Затоа сметам дека овој Предлог закон за донесување на Законот за дополнување на Законот за вино, со Предлог на закон, навистина е потребен во овој момент и се надевам дека во понатамошните работи кои што ги организира Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство ќе има и одредени нови надополнувања на овој закон кои што навистина во оваа насока што сега е во овој момент во производството на вино и продажбата на вино што сите знаеме каква е и позицијата на нашата земја по однос на оваа област и во Европа навистина

очекуваме да има подобри резултати. И заради тоа ние и како Комисија за овој Предлог на закон навистина немавме никакви неусогласувања од сите членови на Комисијата за земјоделие, шумарство и водостопанство и беше поддржан од сите присутни членови кога ја одржувавме седницата на Комисијата за земјоделие, шумарство и водостопанство по однос на оваа точка.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор г. пратеник Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Сакам да дадам едно објаснување по однос на моето излагање. Во 1990 година, со формирањето на самостојноста на Македонија ние раскрстивме со договорната економија и поминавме на пазарна економија. Јас би прашал што со оние правни субјекти кои нема да сакаат да се вклучат во овој фонд. Дали тие ќе бидат дискредитирани? По Уставот тие имаат право да се бават со бизнис и во тој случај каде е нивното место. Јас реков и да повторам дека ова е диригирана економија. Во тој случај Владата ќе се стави во ситуација да диригира со субјектите кои ќе можат да работат и на надворешниот и на домашниот пазар. Додека одредени субјекти кои политички би биле неподобни, би биле игнорирани. Од тој аспект мислам дека овој закон не нуди пазарна економија, туку не враќа назад пред 90-тите години.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор.

Има збор г. пратеник Борче Сибиновски.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Навистина намерата не ми е да реплицирам, туку сакам да го кажам она што претходно го говоревме на Комисијата за земјоделие, шумарство и водостопанство. Јас само би ја прочитал целта што треба да се постигне со предложениот закон. Очигледно тука има одредени намери овој закон навистина не заради неговите потреби што ќе бидат применети, туку да се каже дека не е добар, туку има други одредени работи кои што пред се од настапувањето гледаме дека се субјективни. Со овој закон сметам дека ќе се предложат нови решенија за организирање и финансирање на грозјето и виното во однос на постојниот закон. Целта на законот е вршење на активности со цел за организиран настап на домашниот и странскиот пазар, испитување на пазарите во странство, нивно маркетиншко претставување во земјата, воспоставување контакти со најповолните домашни и странски понудувачи на суровини и репроматеријали, предлагање на поттикнувачки идеи во областа на лозарството и винарството како и изнаоѓање на решенија и разни облици за унапредување на лозарството и винарството. Активно ќе учествува и координира при утврдувањето на минималните откупни цени што ги утврдуваат од купувачите на грозје, како и минималните цени за извоз на вино помеѓу извозниците. Исто така, овој фонд на Владата би и предлагал програма за унапредување и поттикнување на винарството. Тоа е основната цел за формирање на овој фонд.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јави г. пратеник Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Би го искористил своето право за реплика уште еднаш, почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, за дообјаснување на моето излагање. Јас кажав дека, точно е дека виното и лозаро - производството е стратешка гранка во нашата држава. Меѓутоа, во земјоделието ние имаме и други производи кои можат да бидат стратешки: оризот, оранжериско - производство, јаболката и други. Понатаму, имаме и други производи од индустриската бранша и ако си даде за право Владата да формира вакви фондови за кои реков, тоа се хибриди на јавни претпријатија, каде што ќе финансираат економските субјекти со 50%, така пишува во законскиот проект 50% буџетот, тогаш Владата си дава право да формира неограничен број на вакви фондови, или јавни претпријатија, по партиска директива да вработува и да ја диригира економијата. Ние со диригирана економија раскрстивме во 1990 година. Сега рековме пазарна економија, да не ја мешаме политиката во пазарната економија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор г. пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ние пред две точки на дневен ред го донесовме Законот за измена на Законот за

занаетчиска дејност и во членот 1 на Законот каде што се вели дека со овој закон се уредуваат условите и начин на вршење на занаетчиска дејност, додадовме уште цела една реченица во продолжение: и здружување на вршители на занаетчиска дејност во занаетчиска комора на Македонија. Значи една стопанска дејност занаетчиството ја уредивме со закон на начин дека сите занаетчии отсега по сила на закон ќе треба да се здружат во занаетчиска комора на Република Македонија. И со тоа ако не сакаат им се оневозможува работата како занаетчии во дејност која со Устав им е регулирана дека можат да ја обавуваат.

Сега на втората точка наредна после неа на дневен ред, носиме еден закон за измена на Законот за вино кој мислам дека во најмала рака претставникот на Владата на оваа седница мораше добро да го елаборира и тоа што го елаборирале на Комисијата за земјоделие, шумарство и водостопанство е добро, меѓутоа е сосема недоволно затоа што овде има 120 пратеници кои треба да донесат закон, ова е Собрание. Комисијата не е Собрание. Мислам дека г. Черкезов покрена, придвижи неколку клучни прашања за овој Парламент особено во оваа серија на два закона што сега јас ги зборувам, а се однесува сега за Законот за вино и мислам на една општа тенденција што се случува всушност во државата. Мислам дека почнуваме да размислуваме дека за секоја работа што не оди, ние треба да формираме некакво државно, парадржавно, или владино тело кое ќе собира пари и на тој начин ќе ја решава работата. Дозволете прво да го поддржам г. Черкезов во оној дел во кој зборуваше зошто ни е овој фонд? И ако ги оставиме на страна оние работи кои меѓу него и г. Сибиновски се однесуваат на некои кадровски решенија кои се можеби битни, меѓутоа сосема ирелевантни во овој случај. Јас би сакал на очиглед на пратениците да прочитам неколку работи.

Прво, по овој Закон во Република Македонија член 40-б кој ние денес треба да го гласаме се вели: "членови на фондот се правните субјекти што се занимаваат со производство и промет на грозје и вино". Значи не вели правни субјекти кои се занимаваат по избор, туку правните субјекти, што значи сите. Што значи дека ние ги обврзуваме да формираат, значи било кој во Република Македонија кој по Уставот и Законот сака да се бави со дејност која е слободна за пристап без никакви ограничувања, не се работи за производство на опојни droги, не се работи за производство на оружје, не се работи за лекови итн., само што ќе пристапи со регистрација во дејноста ние со овој закон сега го приморуваме да се зачлени во фондот за грозје и вино, што мислам дека е сериозен проблем во врска со две работи. Прво, со уставните одредби на оваа држава, меѓутоа, за тоа има и други надлежни, иако ние треба во фаза на донесување да ги спориме. И второ, со општата економска логика, производството и дистрибуцијата на грозје и вино е "пар – екселанс" економска активност. Понатаму фондот во член 40-г му се даваат задачи. Фондот велиме својата политика во точката 3 ќе ја сообразува со интересите на Република Македонија. Замислете до каде оди законот? Дека фондот ќе ги штити интересите на Република Македонија. Не наведува во што, во кој дел, во која процедура, фондот ќе ја сообразува својата политика со политиката, со интересите на Република Македонија. Мислам дека станува збор за една небулозна формулација во најмала рака. Тоа што фондот се однесува во член 40-г во точка 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11 како профитна фирма на пазарот, а се основа со закон, мислам дека уште една небулоза, дозволете да кажам во која запаѓа Собраниево од ден во ден со вакви закони.

Дозволете да прочитам што вели во член 40-г фондот кои работи ги има. Фондот утврдува минимални откупни цени на грозјето за членките на фондот, а од друга страна членка на фондот мора да е секој ако е правно лице, а ако е индивидуален, здружен преку своите здруженија. Внимавајте, утврдува минимални откупни цени на грозјето фондот, не Владата. Прво, и Владата по кои закони може да ги утврдува тие односи? Што значи дека некој не може да влезе на пазарот под овие цени. Значи почнуваме да го диктираме пазарот. Точка 10 после неа: "фондот утврдува минимални цени за извоз на вино, за членките на фондот". Знаете што значи минимална цена за извоз на вино? Значи дека ако некој што е регистриран за извоз на вино и сака на пазарот во светот да настапи со цена која ќе биде по негово наоѓање на светскиот пазар, овој фонд ќе го ограничи и ќе му ја пропише која е минималната цена под која тој не може да оди. Значи

ќе му пропише на некого колку денари може да биде минималната извозна цена на виното. И под тоа не може да оди. И ние во овие услови сега ќе преговараме на пример со Светската трговска организација за наше приклучување во таа организација каде што државните од парадржавни органи ќе одлучуваат кои се минимални откупни цени, кои се максимални цени за извозот итн. Јас не знам зошто Владата има потреба да се вплеткува во вакво администрирање во кое не се вплеткал ни оригиналниот Закон од 1973 година, кој е донесен уште пред Законот за здружен труд и пред Уставот на СФРЈ од 1974 година, оној историскиот во кој сите денеска си земаме за право да го исмејуваме, заради одредбите на договорната економија во него. Сега овој ги надминува дури и таквите решенија во една економија, која апсолутно нема врска со тоа.

И уште една мислам многу драстична небулоза која навлегува не само во економските интереси, туку и во основните човекови права на Република Македонија. Членовите од 40 д, ѓ, е, ж, з, ѕ, и, ј, тоа се десетина членови видете што уредуваат. Прво вели дека програма на фондот ја носи министерството, а согласност дава Владата на Република Македонија. Понатаму кажува дека фондот има управен одбор и директор. Управниот одбор на фондот има 9 членови кои ги именува Владата. Управниот одбор вели има извештај за својата работа до Владата. Управниот одбор донесува статут, донесува финансиски план, годишни сметки. Фондот има директор. Директорот го именува и разрешува Владата. Значи очигледно се работи за некаков владин институт. И сега на крај членот 40-ј, тоа се вика во уличниот жаргон дозволете да го употребам: Владата мртва ладна. Вели: извори на средства на фондот се под број 1, членарината која ја плаќаат членките на фондот, а по истиот закон членки на фондот се правни субјекти што се занимаваат со производство и промет на грозје, или тоа значи, оние кои се бават со производство и промет на грозје и вино ќе уплаќаат по сила на закон членарина во владин фонд, кој за нив ќе биде ново оданочување, или параоданочување, а откако ќе ја платат членарината за која нема ни механизам како ќе се утврдува, претпоставувам дека Владата ќе им ја утврдува затоа што вели дека фондот ги носи статутот, одлуките итн., преку Управниот одбор ќе им ја одредува и членарината по свое наоѓање како што ќе реши владин службеник, односно директор и управен одбор кој ги именува Владата. Тие ќе плаќаат членарина која ќе им ја одредува во висина Владата преку својот управен одбор и директор на фондот ќе одредува Владата кој ќе биде член на Управниот одбор и кој ќе биде директор и ќе им одредува каков ќе им биде статутот, а тие ќе бидат должни да плаќаат само членарина во таа институција.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Таа работа мислам дека веќе допира и во доменот на човековите права. Ако во Македонија некој со членарина се зачленува во фонд по сила на закон, минимум е он да си избира директор, он да си избира управен одбор и од да одлучува за својот статут. Во спротивно ние треба да ги скинеме сите овие одредби и да кажеме дека фондот се финансира од Буџетот на државата, па Владата да си преземе пари со т.н. "свои средства од буџетот", да си именува управни одбори, финансиски планови и директори. Инаку, да наметнуваме закони со кои ќе ги присилуваме луѓето што ќе се занимаваат со една производна дејност на диригирано однесување, па макар и под "добрата волја" за подобар успех на виното и грозјето, мислам дека е нелогично. Второ мислам дека апсолутно не е добро да наметнуваме, на правни лица и на здруженија членарини, органи за кои они немаат апсолутно никаква контрола. Контролата целосно е во рацете на Владата. Сега можеме да разговараме многу и принципиелно и конкретно, за ваков фонд. Принципиелно мислам дека каже нешто и г-динот Черкезов.

Сега кај сите нас се наметнува едно друго прашање, зошто фонд за вино и грозје? Зошто не фонд за некои други земјоделски производи, зошто не фонд за некои други индустриски производи, зошто не фонд за нешто трето. Како е ова извлечено од целокупната лепеза на земјоделското производство во Македонија?

Сега, во услови кога Владата не дава образложение, а е должна да го даде макар и во законот, во писмена форма, каде што на половина страница, колку да го задоволи условот на деловникот, треба да даде образложение зошто го носи законот.

Сега мене не ми останува ништо друго освен да апелирам до пратениците, ако веќе не можат заради своите обврски кон Владата, да не го донесат овој закон, да го гласаат предлогот за донесување на закон, меѓутоа, никако не на истата седница и

предлогот на закон. Нека се врати во Владата и нека малку размисли Владата дали е добро да тргнеме по овој пат. Мислам дека ова е само едно камче во голем мозаик кој може во Македонија "многу чудни" "реформи" на економијата да и наметне.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Никола Поповски за овие дополнителни изјаснувања по оваа точка од дневен ред.

Има збор заменик министерот: за земјоделство, шумарство и водостопанство Јован Дамчески.

**ЈОВАН ДАМЧЕСКИ:**

Јас мислам дека пратениците кои дискутираат во врска со донесување на овој закон и кој мислат дека овој закон не треба да биде донесен и дека ќе им се нанесе штета на лозарите односно винарите, оние директни производители, мислам дека има поинакво размислување, односно има недоразбирање во врска со тоа. Јас ова го спомнувам мислам дека за Република Македонија, производството на грозје и преработката на грозје на вино, претставува стратешка култура за која РМ, односно производителите на грозје и вино се и те како заинтересирани.

Зошто го велам ова?

Производството на грозје во РМ, и производството на вино не се произведуваат за РМ, како што имаме некои други производи. Станува збор за стратешка култура која се извезува, една од стратешките култури покрај тутунот и извозот на вино, а ние знаеме каков е и колкав е тој износ на вино.

Нашите преговарачи со Европската унија и Министерството за земјоделство, водат тешка битка оној контингент што го има РМ, што го наследи од поранешна Југославија да го задржи и да го зголеми тој контингент во ЕУ, се со цел производството на грозје и вино во РМ да не падне, туку да се зголемува.

После сите оние односи што ги имаме во РМ, враќање на нашите довчерашни индустриски работници назад во земјоделието, со еден ваков закон само се сака да се помогне, не да се постави некој директор, што овде беше дискутирано, дека ќе се формира некој фонд за некој директор кој ќе ги ограбува производителите, а ништо нема да работи за нив. Напротив целта на донесувањето на законот е сосема спротивна, да може да се организираат производителите на грозје и вино и некој да ја координира таа работа односно да се бори за пласман на тоа вино.

Сега се поставува прашањето, сега, ако ние што навистина многу тешко ќе ја издвојуваме таа битка во Европската Унија бидејќи остана тоа, да речам сеуште не парафирано, и покрај сите наши инсистирања на Министерството за земјоделие, па и фондот за вино и сите докажувања дека РМ, била таа и во поранешна Југославија која го произведувала тоа грозје и вино. Значи, тој контингент што се продавал порано, тоа вино во членките на ЕУ, да се задржи. Меѓутоа тешко одат тие преговори. Мислам дека тоа прашање за кое мислам дека ќе има и проблеми во тие преговарања што му претстои. Затоа незнам зошто се сфати, дека овој фонд што се формира сега ќе им зема на производителите.

Јас сега морам да кажам едно искуство каква ни е сега состојбата, ќе направам една споредба, а пратениците веројатно ќе имаат прилика еден ден да дискутираат и за тој проблем или ќе го наметнат тутуно - производителите, за она распарчување каде ние навистина бараме пазарна економија. Никој не е затоа некој да добие некој примат да може да извезува тутун итн. Меѓутоа и на нас тоа треба да ни биде јасно дека мора да биде нешто организирано. Ако секој производител, односно секоја фирма на пазарот има добра побарувачка и понуда, е добро. Меѓутоа, се поставува прашање, кога на пазарот има многу поголема понуда од побарувачка, каде ќе, се најдат овие луѓе. Затоа го спомнав тутунот, имајќи го предвид искуството со тутунот. Истото ќе ни се случи и со виното. И она што сега се залагаме дали ние навистина за другите земјоделски производи кои сега ги спомнавме како оризот и некои други, дали треба нешто да се презема за нив.

Јас не навлегувајќи на детали на овој Предлог закон што се предлага, дали тука постојат одредени правни или други грешки ли некои недостатоци во врска со тоа. Но, во целина треба да се сфати, дека овој закон би бил од интерес на производителите на грозје и вино. Сигурно нема да биде од интерес на тој управен одбор кој се формира, и нема да биде од интерес само на директорот кој таму постои. Не е битен тој директор, јас не навлегувам во тоа дали тој директор ќе биде ваков или таков. Сигурно она што Владата ќе го постави, ќе има контрола.

Интересот на производството на грозје во РМ е стратешки интерес. Ние ако се откажеме од тие стратешки интереси утре практично ќе го упропастиме лозарството во

РМ. Не е тоа производителите да се казнуваат со количината на некоја членарина што треба да се плаќаат таа е минимална во однос на тоа што ќе се добие. Ако се мисли дека со членарината ние како држава сакаме да ги натераме производителите да плаќаат некоја членарина, да им одземаме и од така да речам ниската цена на грозјето. Не сме за тоа. Напротив Фондот ќе се бори за постигнување за повисока цена, ќе се бори за интересите на лозарите. Со тоа практично лозарите можат само да добијат. Незнам јас зошто овие недоразбирања и недоумици. Не ми е јасно. Настојуваме за нешто што и треба на оваа држава, што им треба на тие производители, како да не сакаме тоа да го прифатиме, а јас пак ќе речам не навлегувајќи во некои грешки може би од правен аспект итн.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на заменик министерот Дамчески.

Има збор пратеникот Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

Не мислев да се вклучам во расправата, меѓутоа ме погоди излагањето на г-динот заменик министер да се вклучам во оваа расправа.

Ова што вие господине заменик министер го кажувате, тоа е за некоја економија за пред 1990 година. Денешниов Устав, јасно и гласно кажува дека секој економски субјект е самостоен и на пазарот со своите квалитети се појавува.

Точно е дека оваа култура е стратешка, меѓутоа кажавте во излагањето дека повеќе култури се стратешки, земете го тутунот, јаболката, оризот, јагнето, или пак во другите сегменти од нашето живеење, во другите стопански гранки.

Овде станува збор за политичка обоеност и диригирано стопанство, што реков е за некое друго време. Ние денес сме во време на пазарна економија и во тој сегмент треба сите субјекти економски да имаат рамноправност и можност да се докажат. Според тоа што вие го кажавте против уставно. И секој економски субјект кој не се согласува со овој законски проект, кога ќе се обжали пред Уставниот суд, овој проект ќе падне. Зарем треба да се доведуваме во ситуација како и во минатото повеќе законски проекти кога ова Собрание со мнозинство ги донесуваше или беа враќани. Тука едноставно се гледа суштината и не треба да пренаглуваме, со сила на гласање да донесуваме некој проект, кој навистина нема никаква врска. Самите членови во законот се контрадикторни еден со друг.

Не сакам повеќе да елаборирам и г-динот Никола Поповски, на долго ги елаборираше овие членови. Затоа предлагам законскиот проект или да добие нова содржина, или вака ако оди, со обжалување пред Уставниот суд ќе му биде вратен назад.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Миланчо Черкезов.

Има збор, г-динот пратеник Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа пратеници.

Очигледно се работи за приод на два различни концепти во однос на разрешување на проблемите во производството и прометот, во РМ.

Еве еден таков критичен пример ќе кажам.

Претставникот на Владата всушност си призна дека полно работи не му се јасни, всушност што се случува со законот, со законот се промовира државниот интервенционизам директно во производството и прометот во РМ. Еден концепт кој популистички беше програмиран во 1998 година во програмата на коалицијата. Еве сега еден типичен таков законски проект, каде што со директно мешање на државата конкретно се мисли на Владата како што е имено во законот, се сака да се воведе ред во производството, во конкретниот случај на грозје и вино на РМ и во прометот. Наспроти концептот на пазарната ориентираност и разработка на пазарот, на самите субјекти од таа сфера да ги најдат своите интереси, да се здружуваат и договараат за заеднички настап како на домашниот пазар така и на странските пазари. Наспроти таквиот нивни интерес, за кој од една страна се вика дека постои и тоа е во интерес на производителите и прометот во областа на грозјето и виното, од друга страна се носи проект кој по сила на закон се прават одредени асоцијации на што треба сега да веруваме? Ако постои интерес кај нив, кај производителите и кај прометот во врска со регулирање на прашањата кои на некој начин ги зачетнува овој закон, тогаш тие можат да го направат и без овој закон, врз основа на нивните автентични економски интереси што ги пројавуваат во пазарното дејствување, производно и

прометно дејствување во секојдневниот живот. Може да се здружат, да се договараат, да формираат, независно од државната, во конкретниот случај владината волја. Тука е основниот проблем. Некој тоа не сака да го разбере.

Инаку, тоа е надминат проект. Нашиот став е дека ние не сме за тоа одделни сегменти од оваа сфера не се регулираат со закон. Ние сме и координаторот го искажа во таа смисла нашиот став дека ние сме за тоа да се донесе предлог за донесуваше на закон, но не и предлогот на закон. Туку уште еднаш да се согледуваат решенијата во законот за кои тврдиме дека, пред се, нормативно се во спротивност со уставот на РМ, и второ, се во спротивност со автентичните животни интереси на субјектите од таа производна сфера во производството на грозјето и во производството и прометот на виното во РМ.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Наќе Стојановски.

Има збор пратеникот Борче Сибиновски.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Навистина се отвори широка расправа по однос на овој Предлог закон.

Јас би кажал само две работи, за тоа зошто сакаме со овој Предлог закон да се формира еден таков фонд, каде што одредени активности во производството на грозје и во производството на вино навистина би ги регулирале.

Воопшто не сакам да навлегувам во текстот што беше искажан и што беше прочитан од страна на претходните дискутанти. Воопшто не сакам да навлегувам во она што тие го кажуваат дека ова претставува некаква договорна економија, затоа што навистина тоа не е. Меѓутоа, ставот што го кажа Владата навистина треба сите тука да го прифатиме. Зошто го велам ова?

Ова го велам од причина што, ако малку се завртиме назад и видиме како се одвиваше и производството на грозје и производството на вино а потоа и продажбата на истото, ќе видиме дека навистина во изминатиот период тоа беше една ситуација на која никој не можеше да и најде крај, што значи дека тотално беше растресена, растурена и сите субјекти кои што се занимаваа со вакво производство побараа сами чаре за себе.

Ние навистина како Влада во овој момент сакаме да ставиме ред во оваа бранша на производство на грозје и вино. Заради тоа пристапивме кон формирањето на еден ваков фонд, зошто не сакаме да кажеме дека навистина во овој момент она што се случува со овој наш стратешки производ во Европа, дали можат тие самостојни субјекти да навлезат во тој пазар без заеднички да се здружува. Ние во ниеден момент не сакаме со овој Закон, на некој начин да јаземеме самостојноста на тие субјекти. Само сакаме тие субјекти заеднички да се здружат, заедно со владината програма, со програмата на фондот, да настапат на странските пазари каде што навистина сметаме дека ќе имаме поголем успех од она што досега го имавме.

Вториот момент на кажувањето по однос на ниската цена тука би го кажал.

Очигледно дека луѓето што ова го дискутираат, претходно кажаа дека претставува нешто што сакаме сега да го вметнеме, меѓутоа тоа веќе поминато во минатиот систем, воопшто не би се сложил со тоа. Дали луѓето што ова го кажуваат можат да се присетат наназад две - три години, како производителите на грозје и вино секојдневно штрајкуваат.

Дали доаѓаа пред тие субјекти што го откупуваат грозјето и во зависност од сортите на грозјето секогаш се судруваат со тие субјекти дали може тоа да се откупи или не може. Затоа ние предвидовме со овој закон да се одреди една најниска цена во случај пазарот да не може да понуди повисоки цени грозјето да биде откупено од страна на овој фонд, односно од Владата на Република Македонија.

Значи, ова не претставува никаква договорна економија. Ова претставува само една сигурност за производителите на грозје и производителите на вино.

Затоа предлагам почитувани пратеници навистина овој законски проект денес да биде донесен онака како што предлага Владата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има господинот Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, претставници на Владата, почитувани колеги, расправата по овој закон само го потврди она што јас го дискутирав пред неколку дена, на што жестоко реагираше господинот Чифлиганец, жал ми е што не е овде, дека кај нас земјоделието воопшто не е регулирано. Сега би сакал да кажам неколку збора во поддршка на проектот што го предлага Владата.

Најнапред, тезата за тоа дека секој производител треба да биде самостоен е катастрофално лоша. Искуството од сите развиени земји што се занимаваат со земјоделие е дека земјоделците мора да се организираат. Поточно, единствен начин да имаме напредно земјоделие и профитабилно земјоделие е само ако земјоделците се организираат.

Што се случува со донесувањето на овој закон и потребата од таков вид на здружување.

Ние во моментот немаме создадено законски механизми земјоделците сами да се здружуваат во економски асоцијации, односно во интересни асоцијации, како што говореше господинот Наќе Стојановски. Тој правно - формално е во право дека според законот може, меѓутоа според она што е организација на земјоделието - заживување на такви асоцијации немаме. Инаку јас би сакал само да кажам одредени искуства за такви асоцијации од Запад, кои идат до таму одредени асоцијации да даваат и сертификати и гаранција за производот што го нудат производителите членки на такви асоцијации.

Ова што сега се случува со Фондот за вино, посебно ако ги земеме во предвид актуелните состојби, ние сме пред потпишување на договор за асоцијација со Европската Унија, со кого што договор ќе имаме либерален извоз на сите земјоделски производи освен на виното и уште два - три други артикли, меѓутоа виното е посебно интересно, бидејќи зафаќа голема популација која се занимава со производство на вино од една страна и за македонски услови огромни количини на вино што се произведуваат. Значи, со организирање на еден ваков фонд најнапред ќе имаме помош на самите производители и тезата дека правиме договорна економија воопшто не држи. Идејата и замислата на Фондот е нешто по теркот на тие асоцијации, со таа разлика што сега го предлагаме по закон и се јавува и Владата во тој дел. Се надевам дека Фондот ќе профункционира онака како што треба да профункционира, само во интерес на производителите на вино од причини што треба да се изнаоѓаат алтернативни пазари, бидејќи заменикот министер спомена дека квотите може да бидат задржани, може и да бидат намалени, но независно од тоа сепак останува одредена количина на вино која што треба некаде да се пласира. Република Македонија е мал консумент на нашето производство, значи во тој дел ќе биде повеќе од неопходна. Ако ние мислиме дека секој земјоделец ќе иде и ќе бара пазари на вина е невозможно и може да дојдеме само до она што колегата Сибиновски го зборуваше, до штрајкови и такви организирани форми на делување.

Значи, треба да го поддржиме овој закон. Јас се надевам дека по донесувањето на сите закони од сферата на земјоделието, кога ќе треба конечно да се договориме во кој правец ќе оди земјоделието на Република Македонија, ако се биде во ред верувам дека ова би било една преодна фаза за една следна фаза, за едни подруги услови на функционирање на системот на земјоделие и ќе дојдеме до формирање на оние асоцијации кои што господинот Стојановски ги спомена и сето тоа ќе функционира по нормален тек. Меѓутоа, во моментот можеме да кажеме слободно дека е неопходно донесување на еден таков закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, ја ценам навистина искрената загриженост на господата пратеници Борче Сибиновски и Горанчо Трајков дека навистина земјоделието како стратешка област е во една незавидна состојба и треба навистина да се направат напори земјоделието да го добие своето место. Меѓутоа, моето излагање беше во контекст дека овој законски проект што го имаме пред себе не подлежи под регулативата што ја дава Уставот. Во тој контекст ќе го прочитам член 55 од Уставот за да не ни се случи овој законски проект да биде оборен од Уставниот суд и да имаме како и во минатото уставни проекти кои ни беа вратени. Во тој случај Собранието се девалвира како највисок законодавен дом. Член 55 од Уставот на Република Македонија кажува: "се гарантира слободата на пазарот. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот значи овој законски проект не нуди еднаква правна можност за застапување на економско поле на овие стопански субјекти. "Републиката превзема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот". И оваа реченица јасно кажува во кој контекст треба да се движи овој законски проект. "Слободата на пазарот може да се ограничи со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето". Овој член јасно кажува дека законскиот проект што го имаме пред нас не е во контекст на членот 55 и ќе се доведеме во

една непријатна состојба. Затоа предлогот беше Владата да ја доработи содржината на овој проект. Сите ние сме за заживување и регулирање на земјоделието, а не само винарството, туку и производството на јаболки, тутун и сите стратешки култури во земјоделието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Павле Тодоровски.

**ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. Министерството за земјоделие е најповикано да ја води политиката за развој на сите гранки во земјоделието, во конкретниот случај имајќи во предвид дека лозарството и винарството претставуваат значајно производство и имаат извозен карактер кој е од големо значење за државата, годишно се извезуваат 40 до 50 милиони марки, а целта е преку овој фонд да се организираме подобро, да го подобриме асортиманот, квалитетот, да освоиме подобар пазар и да се зголеми извозот. Преку една програма со Министерството за земјоделие овој фонд треба да помогне да согледа во каква состојба е опремата во некои винарски визби кои се преку 30 години стари. Треба да се подигне техничко - технолошкото ниво за да се зголеми извозот, да се обезбедат инвестиции и развој во лозарството.

Сметам дека има потреба од формирање на овој фонд, бидејќи Законот за вино е многу одамна донесен, уште 1974 година и тој се подготвувал, веројатно наскоро ќе дојде на дневен ред, а сега е потребно овој фонд да се поддржи и да го донесеме.

На Комисијата сите беа едногласни. Ова е потреба која е произлезена од лозарите, а знаеме дека во последно време приватните лозари никнуваат секојдневно, како и приватни визби кои се вклучуваат во овој фонд, сакајќи подобро да ги остваруваат нивните интереси. Сметам дека овој фонд многу ќе помогне за еден заеднички настап, да се заштити ова производство и во услови кога ќе имаме хиперпродукција и во услови кога ќе биде дефицитарно.

Но, јас мислам дека еден член создава забуна, а тоа е што вели дека е обавезно сите да членуваат во овој фонд. Јас не знам дали тоа е токму така. И досега имаше Фонд за вино кој беше во состав на Комората, но тој не функционираше и не ги задоволуваше потребите на лозарите и винарите, бидејќи таму се остваруваа само потребите на поголемите производители, се наметнуваа монополистички интереси. Сега за прв пат во овој фонд ќе членуваат и индивидуални производители лозари и преработувачи на грозје, односно сопственици на мали приватни визби. Сметам дека ова во овој момент е неопходно за да може организирано да се настапува посебно на надворешниот пазар, бидејќи ние имаме квалитет на нашето вино, а пазарот треба да се освојува.

Јас го поддржувам овој фонд и ќе гласам за донесување на измената на Законот за вино, за формирање на Фонд за вино и грозје.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повторно се јавува за збор Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, го делам мислењето на господинот Павле Тодоров дека навистина сите треба да бидеме загрижени за состојбите во земјоделието. Меѓутоа, јасно е дека станува збор за неадекватност на текстот кој ни го нуди Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство според законската регулатива, Уставот член 55 јасно кажува. Во тој контекст Министерството е одговорно за текстот што ни го нуди, меѓутоа законодавниот дом, Парламентот е одговорен дали ќе го прифати или не. Доколку го прифати, а Уставниот суд ни го сопори, во тој случај Парламентот ја има одговорноста. Според тоа ние сме тој селектор кој треба да каже дали ќе се валоризира тој законски проект или ќе биде вратен на доработка. Тука член 55 од Уставот на Република Македонија е дециден господине Павле, ако треба повторно да го прочитаме, бидејќи тој кажува како е регулирана пазарната економија. Јас сум за еден проект преку кој ќе се регулира оваа материја и тоа не само за виното, туку и за тутунот, јагнињата и другите производи, па и индустријата. Меѓутоа, тоа треба да биде усогласено со Уставот. Овде имаме отстапување од Уставот. Тоа е разликата, инаку јас го делам вашето мислење дека земјоделието е запоставено, на маргините е и треба да му се обрне поголемо внимание, меѓутоа законодавниот дом Парламентот ја носи регулативата. Ако ние го усвоиме овој законски проект не е компатибилен со Уставот, тука се разликуваме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Борче Сибиновски.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, јас навистина сега после неколку реплицирања од една и од друга страна, навистина дојдовме до едно заедничко дека овој закон пред се треба да се поддржи. Еден ваков закон во овој момент е потребен на производителите на вино и на производителите на грозје.

Јас само уште еднаш би поставил едно прашање до последниот дискутант.

Дали ваквиот фонд е потребан во овој момент во Република Македонија? Дали ваквиот фонд ќе придонесе за поголемо производство на грозје и на вино и дали ваквиот фонд навистина ќе придонесе за еден заеднички настап на нашите винари на надворешните пазари, посебно да настапат.

Ако навистина добијам образложение по однос на овие прашања дека она што досега го зборував е потребно или не е потребно, неговото кажување по однос на уставните рамки на овој закон навистина би ги поддржал, меѓутоа сметам дека Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство не ги избегнало тие рамки. Овој закон е во согласност со уставните рамки. Ме радува што сите дискутанти досега кажаа дека едно вакво законско решение во овој момент навистина е потребно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Колеги пратеници, со оглед дека во салата нема доволен број присутни ги повикувам пратениците кои се во холот да влезат за да можеме да продолжиме со работа.

Ги повикувам пратениците да влезат, ако не ќе дадеме пауза за ручек.

(Пратениците бараат пауза).

Пауза до 16,30 часот. (Пауза до 15,45 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,50 часот).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници и претставници на Владата, продолжуваме со работа.

Бидејќи никој не бара збор, пред паузата, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за виното.

Ве молам да гласаме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

За што се гласа?

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За Предлогот на законот за виното.

Ве молам, уште еднаш да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, 42 пратеници гласаа за, 2 воздржани, и 18 гласаа против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Молам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, 41 за, 1 воздржан и 18 против.

Мониторот покажува дека во салата присутни се 63 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 во уводната реченица член 40-а, член 40-б, член 40-г точка 2, член 40-д, став 1 и 2, член 40-ж, за внесување нов став пред став 1, член 40-з, алинеја 3, 5 и на член 40-и, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, 47 за, 3 воздржани и 16 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за вино.

Минуваме на точка 13 - Предлог за донесување на закон за изменување и

дополнување на Законот за основање на јавно претпријатие Македонска радио телевизија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио телевизија.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, 48 за, 5 воздржани и 7 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, 48 за, 5 воздржани и 10 пратеници гласаа против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на насловот на Предлогот на законот по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕЏЕП ХАСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, 56 за, 4 воздржани и 6 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за основање на јавно претпријатие Македонска радио телевизија.

Минуваме на точка 14 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на јавно претпријатие Македонска радио дифузија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на јавно претпријатие Македонска радио дифузија.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, 53 за, 6 воздржани и 12 пратеници гласаа против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, 51 за, 5 воздржани и 11 пратеници гласаа против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на насловот на Предлогот на законот, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РЕЏЕП ХАСАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, 53 за, 5 воздржани и 11 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио дифузија.

Пред да преминеме на точката 15 предлагам да се вратиме на точката 8, бидејќи претставниците на Владата се тука присутни.

Минуваме на точка 8 - Предлог за донесување на закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеници, 60 за, 3 воздржани и 8 пратеници гласаа против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, 56 за, 3 воздржани и 7 пратеници гласаа против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Комисијата за образование и наука поднесе амандман на членовите 6, 7, 10, 11, 12 и 13 по кои Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3, членовите 4 и 5, член 6, членовите 7 став 1 и 2, 10 и 11, член 8, член 9, член 12 и на член 13.

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМИСЛАВ ЏЕКОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Значи, амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на членовите 4 и 5 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМИСЛАВ ЏЕКОВ:**

Го прифаќаме амандманот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И овој амандман се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 6, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМИСЛАВ ЏЕКОВ:**

Го прифаќаме амандманот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И овој амандман се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на членовите 7 став 1 и 2, 10 и 11, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМИСЛАВ ЏЕКОВ:**

Го прифаќаме амандманот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И овој амандман се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 8, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМИСЛАВ ЏЕКОВ:**

Го прифаќаме амандманот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И овој амандман се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 9, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМИСЛАВ ЏЕКОВ:**

Го прифаќаме амандманот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И овој амандман се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 12, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМИСЛАВ ЏЕКОВ:**

Исто така, и овој амандман го прифаќаме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И овој амандман се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 13, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМИСЛАВ ЏЕКОВ:**

Го прифаќаме амандманот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Се прифаќа и овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на членовите 6, 7, 10, 11, 12 и 13, поднесен од Комисијата за образование и наука.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМИСЛАВ ЏЕКОВ:**

И овој амандман се прифаќа.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, се јавувам на некој начин процедурално, меѓутоа, таква беше процедурата.

Сакам да упатам, се разбира со најдобра намера, и со целосен респект кон претставниците на Владата кои прифаќаат амандмани и ја претставуваат Владата во овој момент во Собранието на Република Македонија. Меѓутоа, би сакал да го повторам фактот дека Владата што се избра кон средината на оваа година, се избра веднаш после Законот кој го донесовме за промена на ресорите на Владата на Република Македонија и веднаш после тоа Владата избра и нови министри во новоформираните ресори. Без разлика што Владата ни праќа нас дописи да ја претставуваат заменици министри од поранешните ресори, кои со тој закон исчезнале, сакам да упатам на една можност дека сме доведени во една многу непријатна ситуација, заменици министри кои не се избрани на местото заменик министер, согласно новиот закон за државна управа и органите на управа кои ги регулира односите во оваа држава и во Парламентот, прифаќаат односно отфрлаат амандмани и во име на Владата, повторувам, во име на Владата претставуваат закони и амандмани. Тие тоа можат да го прават само во услови кога се избра ни за ресорот кој е новоформиран. Во овој случај, имаме предлог на закон, чиј предлагач е Владата и чии претставници се новоизбрани министри или заменици. Со оглед дека замениците не се избрани во новите ресори, а тоа е многу различно од оние заменици кои остануваат како во претходниот случај, кај земјоделието, односно тој ресор старите заменици, во овој случај Владата нема избрано свои заменици и тие неможат да ја претставуваат Владата во овој случај, зашто се избрани за заменици на ресори кои веќе не постојат. Тие се преименувани и се реорганизирани и мора да се изберат, во тој случај нови. Само сакам да укажам и евентуално појаснување,

ниту барам, меѓутоа, сакам да укажам на сериозниот проблем во кој навлегува работата на ова Собрание со таква презентација на Владата, која се граничи, мислам, на нивото на апсурдот по нашиот деловник и по нашиот устав и по нашиот закон, во која ситуација  сме доведени и сега. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Никола Поповски.

Јас сметам дека овие заменици на министри кои не се сменети, сеуште се заменици на министри и од Владата ние имаме овде писмо, со кое како претставници на Владата на Собранието се определени господинот министер за образование Гале Галев  и заменикот Томислав Џеков.

Според ова, сметам дека тие се овластени и да ја претставуваат Владата, со оглед дека не се вршат други измени.

Ве молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Вкупно гласаа 79 пратеници, 58 за, 9 воздржани и 12 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој.

Минуваме на точка 15 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

За кои од овие два закони дебатираме?

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Претставник од Владата се Никола Груевски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

За кого да гласаме, за владиниот предлог или за предлогот на пратеникот?

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Гласаме за владиниот предлог.

(Некои од пратениците од место одговорија дека нема претставници од Владата).

Ако нема претставник тогаш поминуваме на точка 16.

Минуваме на точка 16 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.

Овој закон е предложен од пратеникот Латиф Пајкоски.

(Пратеникот Латиф Пајкоски не е тука).

(Реакција од пратениците дека господинот Латиф Пајкоски е тука).

Извинете, не го видов господинот Пајкоски, тој е тука.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јави г. пратеник Латиф Пајкоски.

**ЛАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници, на почеток сакам да објаснам зошто всушност се одлучив да го предложам овој Предлог на закон за донесување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, односно за исменување на членовите 56, 57 и 58 од овој закон. Веднаш да кажам дека овој закон е донесен во 1997 година и објавен во "Службен весник на Република Македонија" број 37.

Наведените три члена всушност ја регулираат областа на евидентирање на невработените лица и, според она што во изминатиот период го имам како искуство од моментот на донесување на овој закон, особено во периодот кога ја добив довербата на граѓаните и станав пратеник, на виделина излегоа многу проблеми што всушност, заради решенијата што ги нуди овој закон, граѓаните ги става во многу незавидна и би рекол нерамноправна положба, особено оние граѓани кои не заради сопствена вина ги изгубиле работните места и се принудени, согласно овој закон,

да се евидентираат во Заводот за вработување како невработени лица.

И на комисиите кои расправаа по овој закон направив напори да ја образложам важноста на овие измени, заради што и на матичната комисија беше констатирано дека има потреба од донесување на овој закон. Додека на ЗПК беше оценето дека уставни пречки нема, меѓутоа сепак беше оценето, со мнозинство гласови, дека законските решенија што се во наведениот закон треба да останат.

За што всушност се работи?

Според членот 56 од наведениот Закон сите невработени лица се должни да се евидентираат во Заводот за вработување и своето евидентирање да го повторуваат секој 30 дена од тековниот месец.

Оние кои од различни причини нема да бидат во можност да се јават во Заводот за вработување, се бришат од евиденцијата на невработени лица. До тука се е во ред.

Но, тука, Законот предвидел дека може повторно да се пријави по истек од две години. Тоа е членот 56.

Членот 58, со слична содржина ги регулира оние на кои од Заводот за вработување им е посочено евентуално вработување во некоја организација. Но, од одредени причини наведеното лице ако ја одбие таа понуда, исто така го губи правото на евидентирање, со право за повторно пријавување во наредните две години.

Моите предлози се однесуваат и на член 56 и на член 57 каде сметам дека лицето кое, заради одредени причини го губи правото на евидентирање во Заводот, како невработено лице, да не биде казнето драстично, со тоа што во наредните две години да не може повторно да се пријави во Заводот, туку таа казна, ако може да се нарече казна, да изнесува 3 месеци за оние кои се опфатени со членот 56, а 6 месеци за оние кои се опфатени со членот 57 односно оние кои ќе одбијат понудено евентуално вработување.

Во целиот закон, особено во главата што опфаќа евиденција на невработени лица, провејува потребата од дадена односно давање бенефиции на лица кои чекаат вработување, да бидат активни во целиот период и да се потрудат да обезбедат вработување, од познатите причини, заради неможноста државата да им обезбеди такво вработување. Тоа провејува во целиот закон. Но, со решенијата дадени со овие два члена, всушност, не само што не се обезбедува бенефиција, не само што не се стимулира граѓанинот самиот да бара вработување, туку се ограничуваат, со овие законски решенија. Така што сите оние кои самоволно, самоиницијативно ќе побараат вработување, било да е тоа во рамките на Република Македонија, било тоа да е надвор од границите на Република Македонија, оваа појава е особено присутна во печалбарските краишта каде се случува граѓанин, барајќи работа, да отиде во странство и таму да се задржи 2-3 месеци барајќи работа. Но, може да се случи да не најде работа, да се врати дома и да биде казнет во наредните две години да не може повторно да се пријави во Заводот за вработување.

Не е само таа казна. Тоа е поврзано и со одредбите од Законот за здравствена заштита. Не само не може две години да се пријавува во Заводот за вработување, туку после истекот на 2 години ќе мора да плати одреден надоместок, како континуитет во Заводот за здравствена заштита. Ќе мора да плати континуитет што изнесува некаде од 600 до 1000 марки. Така што веќе имаме негативни рефлекси од овие членови и во другите области што ја регулираат здравствената заштита на граѓаните.

Според мислењето на Владата, всушност, се констатираат сите овие работи дадени во законот, и според мое длабоко убедување, провејува потребата од донесување на ваков нов закон. Единствена причина, барем јас колку успеав да видам заради што се дава негативно мислење е оценката на Владата дека, ако на граѓанинот му се овозможи да се пријавува после 3 односно 6 месеци во Заводот за вработување, наводно ќе се јавела потреба од зголемување на бројот на вработените во Заводите за вработување, веројатно заради ажурирање на таа евиденција. Сметам дека, прво, тоа не е многу поважно од ова што треба граѓаните да го имаат во ситуација кога државата не може да им обезбеди вработување и.

Второ, мислам дека воопшто нема да се случи зголемување на обемот на административната работа, затоа што, колку мене ми е познато секое Биро за вработување е опремено со компјутери и воопшто нема да има разлика во однос на

тоа дали евидентирањето ќе се врши на 2 години или на 6 месеци.

Всушност и од хуман аспект мислам дека во една ваква ситуација кога можностите за скорешно вработување на сите евидентирани невработени лица, реалните можности на Република Македонија се многу мали, треба државата односно во овој случај Парламентот, со прифаќање на овој мој предлог да овозможи да ги стимулираме граѓаните да се потрудат да побараат вработување, било да е тоа на територијата на Република Македонија или они кои тоа го бараат надвор од границите на државата. Меѓутоа, без да се плашат дека евентуалното пречекорување од 30 дена и неможноста секој 30-ти ден да се пријават во Бирото за вработување ќе бидат казнети со тоа што во наредните две години не ќе можат да бидат пријавени, не ќе можат нивните семејства да бидат здравствено осигурувани, а од друга страна пости тие две години ќе мора да плаќаат и големи финансиски казни, ако сакаат да остварат право на здравствена заштита, заради, за мене многу сомнителната одредба во Законот за здравствена заштита, околу тој континуитет. За тоа имам поставено пратеничко прашање, добив многу матен одговор.

Меѓутоа тоа е тоа, барем на територијата на општина Гостивар тоа се применува. Граѓаните плаќаат од 700 до 1000 марки заради здравствена заштита што во тие две години воопшто не ја користеле, немале на тоа право.

Заради сите овие работи што ги кажав, мислам дека пратениците ќе дадат поддршка на овој закон, затоа што тоа е во интерес на граѓаните на Република Македонија, затоа што тоа воопшто не е на финансиски товар на Буџетот на државата, не дава никакви финансиски средства. Значи, се работи само за скратување на рокот, што државата го предвидела како казна од 2 години на 6 месеци односно на три месеци. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Латиф Пајкоски за уводното излагање, како предлагач на оваа точка.

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменувањето на Законот за вработувањето и осигурувањето со случај на невработеност.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеници, за 48, воздржани 8 и против 17.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието со усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, 59 за, 5 воздржани и 9 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Процедурално збор бара пратеникот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, со оглед на тоа што пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се најде малку затечена, бидејќи немаме претставник на Владата овде во однос на првата верзија, на владиниот предлог, барам пауза од 15 минути да го усогласиме ставот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Бидејќи е време да ја прекинуваме седницата, тешко е после да се собереме, предлагам да ја прекинеме седницата, Педесет и шестата седница.

За продолжението ќе бидете дополнително известени.

(Седницата прекина со работа, во 17,25 часот).